РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË
ОПШТИНА ТЕТОВО - KOMUNA E TETOVËS
Бр.-Nr. 09-8017/3
14.09 2017 год.-viti
ТЕТОВО-TETOVË

Агенција за вработување на Република Македонија

KOMUNA E TETOVËS
ОПШТИНА ТЕТОВО
MUNICIPALITY OF TETOVO

Врз основа на Договорот за соработка помеѓу Агенцијата за вработување на РМ (АВРМ), Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и општина Тетово, Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2017 година усвоен од Владата на Република Македонија, Програмата Општинско – корисна работа финансирана од Буџетот на Агенцијата за вработување на РМ, на ден 14.09.2017 година се објавува:

**Ј А В Е Н   О Г Л А С**
**до**
**евидентирани невработени лица за вклучување во**
**Програмата Општинско - корисна работа**

Се повикуваат сите евидентираните невработени лица кои се заинтересирани да се вклучат во програмата Општинско-корисна работа, проект "Образовни асистенти во инклузивното образование" за работно ангажирање со скратено работно време за период од 8 (осум) месеци заради стекнување на вештини и постепено вклучување на пазарот на труд, да се пријават во Агенција за вработување- Центар за вработување Тетово.

Евидентираните невработени лица кои ќе бидат вклучени во Програмата „Општинско-корисна работа" ќе бидат работно ангажирани со скратено работно време со 20 (дваесет) работни часови неделно, при што за време на работниот ангажман од 8 (осум) месеци статусот на невработените лица останува непроменет, а на невработените лица-корисници на социјална помош за времетраење на работниот ангажман ќе им биде активно правото на користење на социјална помош.

За кандидатите кои ќе бидат избрани и вклучени во Програмата Општинско-корисна работа се предвидува паричен надоместок во висина од 6.200,00 денари, што вклучува персонален данок на доход и осигурување од случај на несреќа при работа и професионално заболување.

Евидентираните невработени лица кои ќе се пријават за учество во Програмата Општинско-корисна работа треба да припаѓаат на една од следните целни групи невработени лица:

- Невработени лица евидентирани во АВРМ најмалку 1 година
- Млади невработени лица евидентирани во АВРМ најмалку 6 месеци

Работните позиции кои се опфатени со овој оглас се однесуваат на ангажирање на 15 лица :

- Лица со завршено високо образование – Психолошки факултет
- Лица со завршено високо образование – Дефектолошки факултет

Заинтресираните невработени лица Пријави за учество во Програмата „Општинско-корисна работа" можат да подигнат и поднесат во Општина Тетово во периодот од 14.09.2017 година до 20.09.2017 година.

Потребни документи при аплицирање
- Пријава
- Диплома (нотеризирана)

- Кратка биографија

Поконкретните услови, права и обврски ќе бидат уредени со склучување на Договор помеѓу општина Тетово и избраните кандидати.

Детални информации за Програмата „Општинско-корисна работа“ можат да се добијат во општина Тетово кај лицето Ругова Куртиши, Ѓераќина Лека, Ќефсере Амети, Општински координатор за Програмата „Општинско-корисна работа“, Агенција за вработување- Центар за вработување Тетово  кај лицето Хикмете Билали,  Центар за социјлна работа Тетово кај лицето Гордана Симовска.